44649

НОВА МАКЕДОНИЈА, 4 и 5. 7. 1998, 18430, 16



(МА)СТИЛСКИ ВЕЖБИ

# Свадба

*Македонија е традиционално свадбарска земја, по деновиве сосема нормално една, по многу нешта атрактивна свадба, проследена со иста таква медиумска помпа, ги возбуди духовите во нашата јавност и предизвика голем интерес меѓу граѓаните. И навистина, очевидците велат дека свадбената веселба била моќно впечатлива и дека младенците Оливера Костовска и Јордан-Орце Камчев, инаку деца од две транзиционо моќни македонски семејства, со многу усет за достоинство, отпловиле во брачните води, претходно успешно минувајќи низ народните и православно-црквени обичаи, што ги подразбира една македонска свадба.*

*Нека ми е со среќа на младенците и во некои идни транзициони времиња, дај Боже (!), нека станат уште побогати од своите родители!... Со нивното спојување, Македонија веќе почна да создава свои респективилни семејни лози, кои во иднина, можно е да бидат продолжувани и со слични такви од светскиот џет сет.*

*И не знам зошто новинарите (ах, тие новинари!) оваа свадба ја нарекуваат – свадба на децениијата?! Како свадбата да се прави (не дај, Господи!) за десет години, а не за цел живот! Затоа мислам дека една синтагма – „свадба на столетието", повеќе ќе одговараше од веќе употребената – „свадба на децениијата". Со напомена: тоа не значи дека другите свадби се помалку важни за нашата земја – од оваа. Сè едно – дали младенците ќе се возат во „ролс ројс" или со „23-ка".*

*Но, ако се има предвид дека оваа свадба (на местото на одржување – Музејот на современата уметност во Скопје) донесе и 1.000 гости едновремено, тоа е дополнителен импулс за македонската култура, зашто Музејот толку посетители нема во текот на цела година(?). (Имам познаници-новинари, кои Музејот не го посетиле уште од кражбата на Пикасовата слика „Жена со три очи"). Инаку, нема податоци и на колкумина од сватовите им е прво влегување во Музејот. Но, тоа не е ниту толку важно. Важно Музејот на современата уметност треба да им благодари на семејствата Костовски и Камчеви, зашто благодарение на нивните усилби, тој во вистинско време се вклопи во пазарната економија, па во иднина по стапките на Музејот (организирање свадби) се очекува да тргнат и МАНУ, Работничкиот дом, па дури и Историскиот музеј, како и другите помали културни институции. Зошто?*

*Затоа што една свадба, дури и од ваков калибар, е, сепак, премалку за целта на културните институции кон самофинансирање.*

**Живко ПАВЛОВ**